Врз основа на член 480 став 3 од ЗТД и член 51 од Статутот на ФАКОМ, АД - Скопје, а во врска член 381 од ЗТД, Надзорниот Одбор на Друштвото на состанокот одржан на ден 22.05.2024 година **му предлага** на Собранието на акционери на ФАКОМ, АД - Скопје, да ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на друштвото за период 01.01 - 31.12.2023 година**

1. Се усвојува годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на ФАКОМ, АД - Скопје за период 01.01. - 31.12.2023 година со следните показатели:

| | |
|---|---|
| **Остварени приход** | **1.098.710.364,00** |
| **Остварени расходи** | **1.098.334.079,00** |
| **Остварена добивка пред оданочување** | **376.285,00** |
| **Данок на добивка** | **306.311,00** |
| **Остварена добивка по оданочување** | **69.974,00** |

2. Извештаите од точка 1 се составен дел на оваа Одлука.
3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**Н.О. бр.06**

**Скопје, 22.05.2024 год.**

**ФАКОМ, АД - Скопје**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**Претседател,**
**Минчо Јорданов**

Врз основа на член 480 став 3, а во врска со член 381 став 3, член 383 и член 384 став 2 од ЗТД и член 51 од Статутот на ФАКОМ АД- Скопје, Надзорниот одбор на Друштвото на состанокот одржан на ден 22.05.2024 година, **му предлага на** Собранието на акционери да ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештајот за извршена ревизија**
**за 2023 година**

1. Се усвојува Извештајот за извршена ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2023 година.

2. Составен дел на оваа Одлука е ревизискиот извештај, кој што дополнително ќе биде доставен.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**Н.О. бр. 07**
**Скопје, 22.05.2024 година**

**ФАКОМ АД – Скопје**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Минчо Јорданов**

Врз основа на член 415-в став 4 од Законот за трговски друштва и член 19,20 и 51 од Статутот на ФАКОМ АД-Скопје, Надзорниот одбор на Друштвото на состанокот одржан на ден 22.05.2024 година **му предлага** на Собранието на акционери да ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за одобрување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото**

1.Се одобрува Извештајот на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото за деловната 2023 година.

2.Составен дел на оваа Одлука е Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во Друштвото.

3.Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето.

**ФАКОМ АД -Скопје**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Минчо Јорданов**

**Н.О.бр. 08**
**Скопје,22.05.2024 година**

Врз основа на член 480 став 3 од ЗТД и член 51 од Статутот на ФАКОМ, АД-Скопје, а во врска член 381, 383 и член 384 од ЗТД, Надзорниот Одбор на Друштвото на состанокот одржан на ден 22.05.2024 година **му предлага** на Собранието на акционери на ФАКОМ, АД - Скопје, да ја донесе следната:

# **О Д Л У К А**

## **за употреба на нето добивка за финансиската 2023 година**

1. Со оваа Одлука се врши распределба на остварената нето добивка за финансиската 2023 година која изнесува 69.974,00 денари за инвестиции.
2. Одлуката да ја спроведе финансовиот сектор на друштвото.
3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**Н.О. бр.09**
**Скопје, 22.05.2024 год.**

**ФАКОМ, АД - Скопје**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**Претседател,**
**Минчо Јорданов**

ФАКОМ АД Друштво за проектирање, производство на челични конструкции и опрема ... Скопје

Врз основа на член 384 став 5 од Законот за трговски друштва и член 20 и 51 од Статутот на ФАКОМ АД – Скопје, Надзаорниот одбор на Друштвото на состанокот одржан на ден 22.05.2024 година **му предлага** на Собранието на акционери да ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор**

1. Се одобрува работата на членовите на Управниот одбор на ФАКОМ АД – Скопје за деловната 2023 година на:

| | |
|---|---|
| Мартин Велковски | - Претседател на У.О. - Генерален директор |
| Снежана Сиљановска | - Член на У.О.-Пом.Ген.Дир. за економски прашања |
| Бојан Јордановски | - Член на У.О. - Директор на Р.Е. Инженеринг |
| Зоран Маргаритов | - Член на У.О. - Директор на Р.Е. Производство |
| Милорад Белкоќески | -Член на У.О. – Управител на Факом Монтажа ДООЕЛ Скопје |

2. Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето.

**ФАКОМ АД - Скопје**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Минчо Јорданов**

**НО бр.10**
**Скопје, 22.05.2024 година**

Врз основа на член 384 став 5 од Законот за трговски друштва и член 20 и 51 од Статутот на ФАКОМ АД -Скопје, Надзорниот одбор на Друштвото на состанокот одржан на ден 22.05.2024 година **му предлага** на Собранието на акционери да ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор**

1. Се одобрува работата на членовите на Надзорниот одбор на ФАКОМ АД – Скопје за деловната 2023 година на:

Минчо Јорданов - Претседател
Ѓорѓи Савов - Член
Горан Мауровски - Член
Наташа Јорданова Мауровска - Член

2. Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето.

**Н.О.бр. 11**
**Скопје, 22.05.2024 година**

**ФАКОМ АД - Скопје**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Минчо Јорданов**

Врз основа на член 383 и 479 од ЗТД , член 20 и член 51 од Статутот на ФАКОМ АД-Скопје, Надзорниот одбор на Друштвото на состанокот одржан на ден 22.05.2024 година **му предлага** на Собранието на акционери на ФАКОМ АД - Скопје, да ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за назначување(одредување) на ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на Факом АД – Скопје за 2024 година**

1. За ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2024 година се одредува :

**Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО-Скопје.**

2. Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето.

**Н.О.бр. 12**
**Скопје, 22.05.2024 година**

**ФАКОМ АД -Скопје**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Минчо Јорданов**